**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-244/5**
**Скопје, 04.07.2007 година**

**ДО**
**ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА ТЕТОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗУ Општа болница Тетово за 2006 година кои се прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година на ЈЗО Медицински центар Тетово од кој по трансформацијата во 2005 година е основана ЈЗУ Општа болница Тетово.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   - Д-р Љутви Зулбеари, В.Д. Директор на на ЈЗУ Општа болница Тетово, заклучно со 29.09.2006 година;
   - Д-р Асан Љума, В.Д. Директор на ЈЗУ Општа болница Тетово од 29.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 10, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 05.03.2006 година до 06.04.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. ЈЗУ Општа болница Тетово (во понатамошниот текст Општа болница) е основана по трансформација на ЈЗО Медицински центар Тетово, согласно Законот за здравствена заштита. Врз основа на Решение на Министерство за здравство број 13-10611/1 од 13.10.2005 година, дел од ЈЗО Медицински центар Тетово во кој се врши болничка здравствена заштита и ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот е трансформиран како Општа болница.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај на интерниот контролен систем, ревизијата го утврди следното:

*Висок ризик при извршување на основната функција на Општа болница за 2006 година, болничка здравствена заштита и реалното прикажување на финансиските извештаи, а под влијание на следните фактори:*

- ***Трансформација и промена на раководството, измените во законската регулатива за признавање на приходите и расходите,*** што придонесуваат нерегулирање на имотно правните односи, недонесување интерни акти, неправилности при трошење на средствата согласно финансискиот план и вршање набавки согласно Законот за јавни набавки и на реално и објективно искажување на билансните позиции.

- ***Невршење на внатрешна ревизија со контроли и неинсталирана унифицирана програма за материјална евиденцијата на лековите од позитивна листа од страна на ФЗО*** што придонесува одредени неправилности при набавките и трошењето на средствата, споредбено со потребите и неправилности при наплата на партиципацијата.

- ***Утврдени неправилностите во работењето од претходниот период*** кои придонеле пренесување на неисплатени обврски и ненаплатени побарувања.

### *11.1. Функционирање на интерните контроли:*

При ревизија на системот на интерни контроли во Општа болница се открива непостоење на уредени постапки и методи за контрола, со пишани процедури што треба да се применуваат во работењето и тоа во секој сегмент, во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените и менаџментот.

**Систем на интерни контроли во процесите**

При извршените тестови на усогласеност за функционирање на интерни контроли кај процесите, ревизијата открива исклучоци во делот на воспоставените контроли што придонесува да се процени висок контролен ризик и неможност да се стекне уверување во воспоставените организациски контроли и контроли на раководење. Истите се зависни од постапки и методи кои не се применуваат во:

- ***Процес на исплата на плати,*** не е воспоставено електронско евидентирање на работното време и ангажирање на вработените за прекувремена работа над дозволеното, што има ефект на незаконска исплата на плата.
- ***Процес на јавни набавки,*** не е запазена процедурата при донесенување на планот за јавни набавки, не се формирани повеќе комисии во зависност од обемот, карактерот и специфичностите на набавките, што има ефект на неспроведени и неправилно спроведени јавни набавки.
- ***Процес на плаќања,*** неправилно функционира протокот на документација при безготовинското плаќање, која незаведена се носи кај директорот, а при сметководствената контрола непостои уредна потврда за извршена контрола, што има ефект на ненавремена и погрешна евиденција.
- ***Процес попис на средствата и изворите***, не се разграничуваат лековите набавени од болницата и од пациентите и не се врши попис на медицинскиот потрошен материјал, што има ефект на нерелно искажување на залихите.
- ***Процес на залихите***, за вршењето нарачки во депото за лекови и медицински материјали и во техничкиот магацин е без контрола на цените, а кај техничкиот магацин и количините, што има ефект на неправилности при фактурирањето и испораките.
- ***Процес на наплата на приходите***, при наплата на приходите не се спречува неплаќањето на пациентите за извршени здравствени услуги и партиципацијата, што има ефект на нецелосно искажување на приходите согласно извршената здравствена услуга.

***Ревизијата препорачува*** Општа болница да воспостави систем на интерни контроли со пишани процедури во вид на постапки и методите за контрола во секој сегмент со јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените и менаџментот, се со цел да се елиминираат пропустите и слабостите во работењето.

### *11.2. Неправилна примена на акти:*

**11.2.1.** Не е обезбеден документ за сопственост за недвижностите со кои располага и управува Општа болница, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, поради не извршено разграничување на објектите и земјиштето со делбениот биланс помеѓу ЈЗУ Општа болница и ЈЗУ Здравствен дом. Исто така не е расчистена спорната квадратура од 430 м2 намалена во 2005 година, што е спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Истото има влијание на реалноста на искажаната позиција.

***Препорака:*** Да се превземат мерки за разграничување на сопственоста и обезбедување на документ за сопственост со запишување на недвижностите по службена дожност во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст само Фонд), согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и да се обезбеди историјатот на извршените промени на поседовниот лист.

**11.2.2.** Општа болница ги нема усогласено актите со постојната законска регулатива, што е спротивно на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, поради ненавремено конституирање на Управен одбор. Истото има влијание на донесување на деловни одлуки и законско работење на субјектот.

***Препорака:*** Директорот да превземе мерки за изготвување на сите акти кои се предвидени со Статутот и постојната законска регулатива, а од страна на Управниот одбор да се донесе одлука за нивно усвојување.

**11.2.3.** Не е назначен одговорен сметководител, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради неупатеност во законската регулатива. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно законската регулатива.

***Препорака:*** Директорот на Општа болница, да назначи одговорен сметководител за водење на деловните книги.

### *11.3. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

**11.3.1.** За делот од исплатените обврски спрема добавувачите по тендер од Фондот и наплатата на побарувањата за извршени здравствени услуги на осигурени лица од Фондот, се врши меѓусебно затворање без да биде запазено сметководственото начело на парично искажување, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, поради неправилно воспоставен начин на плаќање со писмено известување (авансна исплата без да се знае за која фактура е плаќањето) од Фондот, што придонесува неусогласеност на прометот на жиро сметка и искажаните приходи и расходи.

***Препорака***: Општа болница да превземе иницијатива за примена на законски пропишаните средства на платен промет за меѓусебното затворање на побарувањата и обврските со Фондот, со цел примена на сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**11.3.2.** Не е воспоставен систем за следење на залихите на медицински потрошен материјал по трошковни места-одделенија, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради невоспоставена финансиска и материјална евиденција на истите по одделенија има влијание на следењето на трошење по одделенија и утврдување на потребата од набавки на медицински потрошен материјал.

***Препорака:*** Да се врши сметководствено задолжување на одделенијата со медицински потрошен материјал.

### *11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

**11.4.1.** Во 2006 година во делот на болничката здравствена заштита не е извршено затворање на 2% од вкупно отворени истории за ненаплатена партиципација од осигурените лица и за извршени услуги од неосигурените лица, не се евидентираат побарувањата и не се превземаат мерки за наплата по судски пат за истите, што е спротивно на одредбите од Законот за здравствено осигурување, Законот за здравствена заштита и Законот за облигациони односи, поради невоспоставени процедури за наплата како и поради ненаплатени утужени побарувања во претходниот период. Истото има влијание на 2% ненаплатени приходи од болнички услуги, како и потценување на позицијата побарувања.

- *Ревизијата не дава препорака за неможноста за наплата на партиципација од осигураните лица и за извршена услуга на неосигурани лица, поради донесена наредба од страна на директорот, по извршената ревизија, за превземање на мерки за спречување и отстранување на истото.*

### *11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

**11.5.1.** По настанатите статусни промени на ЈЗО Медицински центар Тетово и основање на Општа болница во текот на 2006 година не е извршено затворање на жиро сметките кај ТТК банка АД Скопје и не се префрлени средствата на сметките од Општа болница, поради блокирање на една од сметките. Истото има влијание на неправилност во поглед на користење на средствата кои фигурираат на носител на платен промет кој не постои во Централниот регистар.

***Препорака:*** Да се изврши префрлање на средствата од сметките кои се отворени кај ТТК банка АД Скопје на депонентот ЈЗО Медицински центар Тетово, на сметката на Општа болница која е регистрирана за вршење на платниот промет.

**11.5.2.** Евидентирани се ненаплатени побарувања од Основен суд Тетово во вкупен износ од 747 илјади денари за извршени услуги од страна на Општа болница (обдукција, вештачење по судски предмети, изготвување медицински извештаи за повреди и сл.), што е спротивно Законот за облигациони односи, поради не склучен договор за регулирање на правата и обврските. Истото влијае судот да не врши исплата на обврските по фактури од Општа болница каде услугата е извршена, туку на докторите вработени во истата, како на физички лица, што претставува незаконско и ненаменско работење на субјектот.

***Препорака*:** Да се склучи договор со судот, согласно законската регулатива и донесе интерна одлука за начинот на фактурирање и наплата на услугите за вештачење.

**11.5.3.** Евидентирани се Сомнителни и спорни побарувања во износ од 4.885 илјади денари кои потекнуваат од 1995-2003 година за извршени здравствени услуги на физички лица со предлог за извршување, без да се знае исходот на започнатите постапки, спротивно на Законот за облигациони односи, поради непревземени мерки за разрешување на истите пред надлежните судови. Истото влијае на реалноста на финансиските извештаи во делот на побарувањата.

***Препорака*:** Правната служба да ги реши започнатите постапки по утужените сомнителни и спорни побарувања.

**11.5.4.** Утврдени се неправилности на побарувањата за дадени аванси на добавувачите во вкупен износ од 1.048 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи и тоа за набавки кои се направени во периодот од 1999 – 2004 година, поради непревземени мерки за наплата по редовен или судски пат, што влијаело добавувачите да се стекнат со против правна материјална корист.

***Препорака:*** Да се преземат мерки за наплата на побарувањата за дадените аванси од добавувачите по редовен или судски пат, а за побарувањата за кои е поминат рокот на наплата да се даде предлог за отпис и обезбеди известување од Фондот за преземени мерки за наплата од добавувачите, во спротивно да се утврди одговорноста за непревземените мерки.

**11.5.5.** Позицијата Материјални добра и природни богатства во делот на Станови и деловни објекти е нереално и необјективно прикажана во износ од 15.847 илјади денари, иако со донесување на Законот за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија, правото на користење, управување и располагање со станбениот и деловниот простор е на Републиката, а за стопанисување со истиот е основано Јавното претпријатие за стопанисување со јавен и деловен простор.

***Препорака:*** Управниот одбор да донесе одлука за бришење на оптштествените станови од евиденција во Општа болница по добиениот одговор од Јавното претпријатие за стопанисување со јавен и деловен простор.

**11.5.6.** Евидентирани обврски со старосна структура над три години, за кои нема преземено мерки за исплата на обврските во износ од 198 илјади денари кои се застарени и не се отпишани, што е спротивно на Законот за облигациони односи, поради високи судски трошоци и незапазување на законската регулатива. Истото влијание на реалното и објективно прикажување на обврските

***Препорака:*** За побарувањата кои не се утужени, а е поминат општиот рок за наплата, да се утврдат причините за непревзање мерки за наплата и да се даде предлог за отпис, а обврските за кои е поминат општиот рок за исплата, а не се утужени од страна на добавувачите, да се даде предлог за отпис.

**11.5.7.** Со примена на постапките за независно усогласување на побарувањата, од вкупно испратените конфирмации добиени се 25%, од кои не се усогласени 80% во износо од 304 илјади денари. Со примена на постапките за независно усогласување на обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 49%, од кои не се усогласени 17 % во износ од 1.911 илјади денари.

***Препорака:*** Да се врши редовно усогласување со коминтентите.

***11.6. Ненаменско и незаконско користење на средства:***

*Направени расходи без претходно обезбедени средства со финансискиот план и спротивно на законските прописи.*

**11.6.1.** Во 2006 година искажани се расходи кои ги надминуваат планираните средства со буџетот и тоа на ставките:

- Основни плати и надоместоци за 24,715 илјади денари по основ исплата на плати за прекувремена работа.
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт за 11.509 илјади денари и Договорни услуги за 14.467 илјади денари, по основ исплата на пренесени обврски од 2005 година и извршено усогласување на расходите според начелото на парично искажување.
- Други тековни расходи за 1.114 илјади денари, Градежни објекти за 341 илјада денари и Поправки и тековно одржување за 4.403 илјади денари, поради непредвидени расходи за истото.

***Препорака:*** Да се врши трошење на средствата, согласно планираните средства со финансискиот план, а за непредвидените исплати да се вршат соодветни пренамени.

**11.6.2.** Во 2006 година од ставката Плати, наемнини и надоместоци извршена е исплата на 9.700 илјади денари за извршување на работа подолга од полно работно време и тоа износ од 8.245 илјади денари како плата и 1.455 илјади денари персонален данок, без донесена одлука за потребата од дополнително ангажирање на вработените подолго од 190 часа годишно, што е спротивно на став 5 од член 117 од Законот за работни односи, поради неизвршено прераспоредување на работното време и воведување на сменска работа. Истото има влијание на исплата на средства без претходно обезбедени со финансискиот план и преценување на расходите за плати.
***Препорака:*** Директорот на Општа болница да донесе одлука за потребата од работа подолга од полно работно време, согласно став 5 од член 117 од Законот за работни односи и да изврши прераспоредување на работното време или воведување на смени, согласно став 1 од член 120 од Законот за работни односи.

**11.6.3.** Од ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи исплатени се средства во износ од 7.242 илјади денари (3.588 илјади денари за 2005 година), по основ ангажирање на лица за извршување на работи и работни задачи од работен однос предвидени со Правилникот за систематизација и организција, спротивно на одредбите од Законот за работни односи, поради потребата за извршување на работни задачи предвидени во систематизација на работни места. Непочитувањето на законските прописи, предизвикува незаконско користење на средства и неможност на ангажираните лица за остварување на права од работен однос.

- *Ревизијата не дава препорака за наодот за ангажираните лица за извршување на повремени и привремени работи од работен однос, поради тоа што од месец 11/2005 година, ангажирањето на истите се врши преку Агенција за привремени вработувања, согласно постоечката законска регулатива.*

**11.6.4.** Во текот на 2006 година утврдени се неправилности при работењето на благајната, односно не е вршена дневна уплата на готовите пари примени како дневен пазар од одделенијата и амбулантите на жиро сметка, односно во континуитет три месеци во 2006 година парите од дневниот пазар во вкупен износ од 6,371 илјади денари се чувани во сеф во ТТК банка АД Скопје, поради постоење на опасност од блокирање на сметката од страна на добавувачите и неможност да се обезбеди ликвидност и нормално функционирање на Општа болниц. Во овој период постапено е спротивно на Член 9 став 4 од Закон за платниот промет (“Службен весник на Република Македонија” бр.32/2001), каде учесникот во платниот промет е должен сите парични средства примени во готово да ги уплати истиот ден на својата сметка, а најдоцна наредниот работен ден. Истото има влијание на надминување на благајничкиот максимум и неможност за редовна исплата на обврските.

***Препорака:*** Општа болница при уплата на готовите пари од дневниот пазар на жиро сметка да постапува согласно Член 9 став 4 од Закон за платниот промет.

**11.6.5.** Во текот на 2006 година неосновано е исплатен износ од 473 илјади денари за ангажирање на физички лица-доктори-професори и специјалист по хигиена (вработен во Заводот за здравствена заштита), врз основа на склучени договори со истите, без Одлука и без обезбедени средства за истото, спротивно на Статутот и Законот за буџети.

***Препорака:*** За извршување здравствени услуги за кои Општа болница има потреба, а нема соодветен персонал, да се склучуваат договори со здравствените институции, а не со физички лица вработени во истите, согласно член 115-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл. весник бр.5 /07).

**11.6.6.** Од Општа болница исплатени се парични средства за транспортни трошоци за транспорт на хуманитарна помош во износ од 338 илјади денари, без Одлука на Управниот одбор, поради извршен прием на без претходна проценка за потребата на работните мантили како и за количината и квалитетот на истата, што е спротивно на интерните акти на субјектот и има влијание на трошење на средства над планираните, поради извршена претходна набавка за истото.

***Препорака:*** За прием на хуманитарна помош да се носи Одлука на Управниот одбор со проценка за потребата и ефективноста на истата.

**11.6.7.** Во текот на 2006 година евидентирани се расходи за користење на службени мобилни телефони од страна на ВД Директорот на Општа болница во вкупен износ од 268 илјади денари, без утврдување на правото на користење службени мобилни телефони и признавање на месечни трошоци за истите, поради погрешно воспоставена пракса за регулирање на истото, што е спротивно на член 11 од Законот за облигациони односи и влијание на можноста за ограничување и домаќинско трошење на средствата.

***Препорака:*** Да се донесе акт за за утврдување на правото на користење службени мобилни телефони и признавање на месечни трошоци за истите.

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

**11.6.8.** Општа болница набавува/нарачува лекови и медицински потрошен материјал по групни набавки спроведени од Фондот, поради постигнување на пониски цени на пазарот, а за кои не е склучен договор, што е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки. Набавката се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови и медицински материјали помеѓу Фондот и добавувачите, без податоци за количината на лекови и медицински материјали кои Општа болница може да ги набави. Со вака воспоставен начин на набавки на Општа болница му се овозможува да врши набавки без ограничување, а со тоа да создава зголемени обврски кои Фондот треба да ги подмири.

***Препорака:*** При вршење на групните јавни набавки преку Фондот која е од интерес за повеќе набавувачи неопходно е да се утврдат потребните количини уште при самиот почеток на групната набавка (член 2 од Законот за јавни набавки), а Општа болница да склучи договор за групна набавка со Фондот и добавувачите согласно член 13 од Законот за јавни набавки.

**11.6.9.** Во текот на 2006 година во Општа болница поголем дел од јавните набавки не се вршат согласно одредбите од Законот за јавни набавки, односно за секоја пооделна набавка се носи одлука за набавка од мала вредност, се собираат три понуди до 3.000 евра и одлука за избор на најповолен понудувач. По исполнување на износот се врши повторна набавка од мала вредност од ист субјект. Со ваквиот начин на набавки во текот на годината повеќекратно се надминуваат износите за набавки од мала вредност, а поради започнати и незавршени постапки за набавка со отворен повик, што е во спротивност со член 6 и член 9 од Законот за јавни набавки.

Ревизијата утврди неправилности во поглед на применување на Законот за јавни набавки во вкупен износ од 48.160 илјади денари.

**11.6.10.** Општа болница за набавка на храна за болни, по неуспешно спроведените постапки со отворен повик по втор пат нема побарано согласност од Бирото за јавни набавки за пристапување на постапка со преговарање, што е во спротивно на член 66 и 67 од Законот за јавни набавки, поради веќе започнати набавки од мала вредност со добавувачите со кој склучил договор и влијае на утврдување на реални цени.

Може да се констатира дека не спроведување на постапка за јавна набавка на храна за болни, согласно Законот за јавни набавки, придонесува набавките да се вршат по повисоки цени, во кои го вкалкулираат и рокот на чекање за наплата, поради недоволно средства за навремено плаќање на обврските, а имајќи ја предвид големината на набавка на храна за болни, како краен ефект е потрошен поголем износ на средства за оваа намена и е овозможено на добавувачите да се стекнат со материјална корист.

*Неспроведувањата на постапки за јавни набавки, како и несоодветно спроведените постапки создаваат можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени понудувачи и набавки по зголемени цени.*

***Препорака:*** Ревизијата за утврдените наоди дава препорака раководството на Општа болница да превземе мерки за вршење на набавки согласно Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 11.2., 11.3, 11.4. и 11.5 финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗУ Општа болница Тетово на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применетата законска регулативата која важи во Република Македонија.

13. Според наше мислење за изнесеното во точките 11.2, 11.3, 11.4, 11.5 и 11.6 кај ЈЗУ Општа болница Тетово не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. **Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

*14.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

14.1.1. Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Општа болница извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2007 година и пуштени се налози за прекнижување/докнижување, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои имаат ефект на зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2006 година за износ од 244.600 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправките се спроведени со налог за книжење

15. **Во тек се судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи**

- Судски спорови во вкупен износ од 1.021 илјади денари, во кои Општа болница се јавува во својство на тужител за ненаплатени побарувања и истото ќе има влијание на финансиските извештаи на Општа болница, како еден од правните следбеници на ЈЗО Медицински центар Тетово.

- Судски спорови во вкупен износ од 59.994 илјади денари во кои Општа болница се јавува во својство на тужен и истото во зависност од исходот на судските спорови ќе има влијание на финансиските извештаи на Општа болница, како еден од правните следбеници на ЈЗО Медицински центар Тетово.

16. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година е утврдено следното:

- Во текот на 2006 година се врши финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели и донесен е финансиски план на средствата за здравствените услуги кои ќе се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување, односно постапено е по препораките за точка 10.1.2.

- Во текот на 2006 година склучен е договор со Фондот, согласно член 70 од Законот за здравствено осигурување, односно постапено е по препораките за точка 10.1.3.
- Со финансискиот план и планот за јавни набавки се утврдува износот на средствата што може да се користат за набавка на лекови и медицински материјали, согласно реалните потреби, односно постапено е по препораките за точка 10.3.10.
- Не се врши ненаменско издавање на прехрамбени артикли за исхрана на дежурниот персонал, односно постапено е по препораките за точка 10.4.7.

- Од страна на сегашното раководство, при изготвување на менито на болничка исхрана и редовна контрола на почитување на нормите предвидени за болничка исхрана од Републички завод за унапредување на домаќинство од Скопје односно постапено е по препораките за точка 10.4.8.
- Не се врши вработување по доовор за дело со донесување на новиот Закон за работни односи истото се остварува преку Агенција за привремени вработувања, односно постапено е по препораките за точка 10.4.9.
- Со планот за јавни набавки кој е усогласен со финансискиот план, утврден е износот на средствата потребни за реализација на набавките, односно постапено е по препораките за точка 10.5.3.
- Се води регистар за јавни набавки, уредна и комплетна евиденција на предмети кои се однесуваат на конкретна набавка, односно постапено е по препораките за точка 10.5.4.
- Донесен е интерен акт - Правилник за вршење на набавки од мала вредност, согласно одредбите од Законот за јавни набавки, односно постапено е по препораките за точка 10.5.

**Скопје, 02.07.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**ЈЗУ Општа болница Тетово**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 21,331 | 0 |
| Трансфери и донации | 389,948 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **411,279** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 201,610 | 0 |
| Стоки и услуги | 208,909 | 0 |
| Каматни плаќања | 291 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 54 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **410,864** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 755 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **755** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **411,619** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи – добивка/дефицит пред оданочување** | **(340)** | |
| **Нето вишок на приходи – добивка/дефицит по оданочување** | **(340)** | **0** |

**ЈЗУ Општа болница Тетово**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 395 | 0 |
| Побарувања | 72,731 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1,048 | 0 |
| Побарувања од вработените | 76 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 328,481 | 0 |
| Залихи | 25,144 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **427,879** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 417 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 76,219 | 0 |
| Материјални средства | 264,537 | 0 |
| Материјални  средства во подготовка | 10,419 | 0 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 1,505 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **353,097** | **0** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **32,491** | **0** |
| **Вкупна актива** | **813,467** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 128,714 | 0 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 136 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 523 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 12,883 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 203,604 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **345,864** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 467,599 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **467,599** | **0** |
| **Извори на други средства** | **4** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **813,467** | **0** |

**ЈЗУ Општа болница Тетово**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **346,800** | **26,853** | **373,653** |
| **Состојба на промените на материјалните и нематеријалните средства и залихи на 01.01.2006 година** | 356,841 | 26,668 | 383,509 |
| Состојба по претходно спроведени книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните и нематеријалните средства поради примена на пресметковен начин на евидентирање и евидентирање на ставката 907 од заклучниот лист на ставка 901 во Билансот на состојба | (10,041) | 185 | (9,856) |
| **Зголемување по основ на:** | **107,103** | **220,837** | **327,940** |
| Набавки | 6,702 | 220,837 | 227,539 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | - |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 100,401 | - | 100,401 |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **11,640** | **222,354** | **233,994** |
| Отпис на капитални средства | (5,258) | - | (5,258) |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Расходување | 5,272 | - | 5,272 |
| Амортизација | 11,937 | - | 11,937 |
| Издадено од залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност | - | 222,361 | 222,361 |
| Состојба по претходно спроведени книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните и нематеријалните средства и евидентирање на ставката 907 од заклучниот лист на ставка 901 во Билансот на состојба | (311) | (7) | (318) |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **442,263** | **25,336** | **467,599** |